ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

## КЛАСА 7 - ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКА ВО ПРЕВОЗ (КАРГО)

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРАТКИ ВО МЕЃУНАРОДЕН КОПНЕН, РЕЧЕН, ЕЗЕРСКИ И ВОЗДУШЕН ТРАНСПОРТ "ПРОТИВ СИТЕ РИЗИЦИ" ААР ("ALL RISKS")

## I. ОСИГУРЕНИ РИЗИЦИ

1. Ова осигурување ги покрива в сите ризици в, загуба или оштетувања на осигурениот предмет освен штетите исклучени од осигурување според одредбите на клаузулата II од овие услови.

2. Ова осигурување покрива наградата заспасување и заедничка хаварија, пресметана или одредена во согласност со одредбите од договорот за превоз и/или меродавно право и пракса, што е направена за да би се избегнала штетата или е во врска со тоа, како последица на било која причина освен оние исклучени со ова осигурување наведени во одредбите на клаузулите II  или на друго место од овие Услови.

## II. ШТЕТИ ИСКЛУЧЕНИ ОД ОСИГУРУВАЊЕ

1. Ова осигурување во никој случај не ги покрива:

а) загубата - оштетувањето или трошот кои се направени со намерна постапка на осигуреникот,

б) вообичаено испарување, редовна загуба во тежина или вообичаено трошење на осигурениот предмет;

в) загубата, оштетувањето или трошокот настанат поради недоволно или несоодветно пакување или неприпременост на осигурениот предмет (изразот пакување во смисла на оваа клаузула вклучува во редење на стоката  и контејнерот, или ако тоа редење се обави пред стапување во сила на ова осигурување или ако го обави осигуреникот односно неговиот претставник);

г) загубата, оштетувањето или трошоците настанати поради внатрешни маани или природни својства на осигурениот предмет;

д) загубата, оштетувањето или трошоците направени  поради  употреба на несоодветно возило или контејнер за сигурен превоз на осигурениот предмет кога на осигуреникот или неговиот претставник му било познато дека возилото или контејнерот во моментот на натоварувањето не е способно за сигурен превоз на осигурениот предмет;

ѓ) загуба, оштетување или трошок настанат непосредно при задоцнувањето настанато поради осигурениот ризик (освен трошоците надоместиви според клаузулата I/2 од овие Услови).

е) загубата, оштетувањето или трошоците настанати со употреба во воени цели

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

на атомска или нуклеарна фисија и/или фусија или друго слично дејство односно радиоактивни сили или предмети.

2. Ова осигурување не ја покрива загубата, оштеттувањето или трошоците настанати поради:

а) војна, граѓанска војна, револуција, побуна, востание или некои други граѓански немири кои поради тоа настанале, или било кој непријателски акт од страна на воената сила или против неа.

б) заробување, запленување, залог, ограничување или задржување (со исклучок на пиратство), како и последиците од тие акти или обиди тие да се извршат;

в) заостанати мини , торпеда, бомби или друго воено оружје.

3. Ова осигурување не ја покрива загубата, оштетувањето или трошоците:

а) кои ги предизвикале штрајкувачите, работниците отпуштени од работа или лицата кои учествуваат во работничките немири, насилства или граѓански немири;

б) кои се последица од штрајковите, отпуштањето од работа, работничките немири, насилства или граѓански немири;

в) кои ги предизвикале терористи или било кои лица кои дејствуваат со политички мотив.

## III. ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Ова осигурување стапува во сила од моментот кога стоката го напушта складиштето или местото на складиштување во местото наведено во оваа полиса како појдовно и се продолжува за време на вообичаениот тек на превозот и завршува:

1. со испорачување на стоката во складиштето на примачот или друго последно складиште или место на складиштување во местото на одредиштето наведено во оваа полиса, или со испорака во било кое друго складиште или место на складиштување, без оглед на тоа дали тоа се наоѓа во местото на одредиште наведено во полисата или пред него кое осигуреникот го избрал за складиштување надвор од вообичаениот пат на превозот, заради дејствување или распределба или со истекот на рокот од 7 дена, сметајќи од денот кога осигурената стока стигнала во одреденото место наведено во оваа полиса, според тоа што порано ќе настапи.

2. Стоката останува осигурена и за време на стоење во попатнот складиште, но не подолго од 30 дена од денот на предавање во складиштето.

3. Ако превозникот ја предаде стоката во јавно складиште поради тоа што постојат пречки за испорака, стоката останува осигурена за времето на чување на стоката во јавното складиште, но не подолго од 14 дена од предавање на стоката во тоа складиште.

4. Ако превозникот ја предаде стоката во јавно складиште по налог на осигуреникот или лицето за кое осигуреникот одговара или по нивна вина, осигурувањето престанува со предавање на стоката во јавното складиште, освен ако поинаку не се договори.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

## УСЛОВИ ЗА СТОКА КОЈА СЕ ПРЕВЕЗУВА СО КАМИОН

1. Осигурувачот за осигурување ќе му ја надомести на осигуреникот целата загуба или оштетување на осигурената стока, која настанала поради сообраќајна незгода, временска незгода, оштетување на стоката поради губење на еден пакет, пожар, експлозија во моторот или резервоарот за гориво, неиспорака, целосна или делумна кражба на колети, ако стоката е товарена во отворен или кражба во затворен камион, под услов возачот да има помошник, поради кражба, или запленување на целиот камион со стоката.
2. Осигурувањето важи од моментот кога стоката ќе го мине прагот на јавното складиште или магазинот за натовар и, престанува да важи кога стоката ќе го мине прагот на складиштето на приемачот во местото на прием и тоа не подолго од 24 саати .
3. Осигурувањето не покрива било каква загуба или оштетување настанато поради неправилно пакување, недоволно пакување, природа на стоката расипување, кршење, намалување на количината поради печење, сушење, загаденост од штетници (глувци) пред утоварот на стоката за транспорт, сметњи или било каков неред или против дејство на власта или предизвикани оштетувања поради лоша намера, небржност по патот на осигуреникот или од било кое лице кое работи во негово име ( испорачувач, натоварувач) и.т.н..

## КЛАУЗУЛА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПРОТИВ СИТЕ РИЗИЦИ (АЛЛ РИСКС)

Ова осигурување ги покрива „сите штетиг кои настанале поради физички загуби или оштетување на осигурената стока но во никој случај не може да се смета дека ги покрива штетите кои настанале поради природното својство или маана на самата стока, груба небрежност на осигуреникот или лица за кои тој одговара како воен и политички ризик.

Штетите се исплаќаат без одбитна франшиза.

## УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПРАТКИ ПРОТИВ СИТЕ РИЗИЦИ КОИ СЕ ПРЕВЕЗУВААТ СО АВИОН ( ALL RISKS )

Осигурувањето се дава против „сите ризициг за физички загуби или оштетување на пратките за време осигурениот превоз.

Од осигурување се исклучени загуби, оштетувања или трошоци настанати поради:

- лоша намера или груба небрежност на осигуреникот,
- недоволно, несоодветно паковање;
- мраз, топлина или делување на времето, температурата или атмосферскиот притисок, и

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

- одложување на превозот, внатрешни маани или својства на осигурениот предмет.

Осигурувањето започнува од моментот на предавање на пратката на воздухопловното претпријатие со прописна потврда и трае се до моментот на испораката на приемачот од страна на воздухопловното претпријатие односно пошта.

Евентуални штети се надоместуваат без франшиза.

## УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ ПРОТИВ СИТЕ РИЗИЦИ ( ALL RISKS )

Ова осигурување ги покрива физичките загуби и оштетувања настанати од „сите ризициг на кои пратките се изложени за време траењето на осигурувањето, со исклучок на загуби и оштетувања настанати неспоредно поради природните својства или внатрешните маани на пратките.

Од осигурувањето се исклучени штетите кои настанале како последица од војни и политички ризици, вклучувајќи го и ризикот штрајк, или поради груба небрежност и пропуст на осигуреникот.

Осигурувањето започнува од моментот на предавањето на пратката на поштата со прописна потврда и престанува со моментот на предавањето на пратката на приемачот од страна на поштата.

Евентуалните штети се надоместуваат без франшиза.

## УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРАТКИ - СТОКА ПРОТИВ СИТЕ РИЗИЦИ ПРИ ПРЕВОЗ СО ЖЕЛЕЗНИЦА, МОТОРНИ ВОЗИЛА ИЛИ КОЛИ ВО ВНАТРЕШЕН ТРАНСПОРТ

1. Со осигурувањето се покриени сите штети кои настануваат на пратките за време траење на превозот поради вонредна надворешна причина како што се штети поради сообраќаен удес на превозното средство (судар, удар, превртување и сл.), елементарни непогоди (пожар, експлозија, гром и сл.) потоа разни оштетувања кои настануваат поради манипулирање на пратките како што се: кинење вреќи, кршење на амбалажа со распаднување на содржината или течење, кршење и оштетување на осигурените предмети како и останатите штети поради транспортните ризици како што се делумна кражба, кражба и не испорака на цели пакети, покиснување допир со други предмети и сл.

2. Од осигурувањето се исклучени штети кои ќе настанат поради:

- лоша намера или груб пропуст на осигуреникот и неговите работници. Оваа одредба не се однесува на лошата намера и грубата небрежност на лица кои постапиле противно на упатствата на осигуреникот, како ни штети кои се сторени од шпедитерите, возарите, складиштари и сл.

- природно својство или маана на пратката без делување на вонредни надворешни причини како што се: расипување, кало, смрзнување, угинување на живи

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

животни и сл. освен во случаите ако е до тоа дојдено поради транспортни ризици или подоло траење на превозот од оноа што е во прописите дозволено.

3. Штети покриени со ова осигурување се надоместуваат без одбиток (франшиза) со исклучок на пратките нафта и нафтени деривати кај кои се губитоците надоместуваат по одбиток на процентот предвиден во „Наредбата за нормите на губиток кај нафта и нафтени дериватиг во прописи  кои ќе важат во моментот на настанување на штетата и пратки сталк, порцелан, и керамика односно пратки кои се пакувани во стаклена амбалажа, порцелан и керамика кај кои се одбива 2% од вредноста на пратката на име одбиток (франшиза).

4. Пратките се покриени од моментот кога ќе го поминат прагот од складиштето на испраќачот (стовариште, куќа) со цел на непосредно утоварување во превозно средство до пристигнувањето на пратката во складот на приемачот (стовариште, куќа) во определеното место.

5. Овие услови се применуваат во околу во полисата не е со посебни одредби нешто друго поинаку договорено.